МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# МЦМС е-Билтен

Декември 2012
БРОЈ 137




Почитувани соработници, колеги, пријатели,

На крајот сме на уште една година полна со активности. Време во кое ги сумираме постигнувањата и ги правиме идните плановите. Дозволете ни од лично име и од името на МЦСМ да ви ја честитаме Новата 2013 година и да ви посакаме многу здравје, среќа, љубов и меѓусебно разбирање. Веруваме дека тоа ќе биде година на нови и уште поголеми разултати и напредок не само за нашите организации туку и за нашата држава.

Имајте пријатни новогодишни и божиќни празници.

Со почит,
Одбор на директори

## МЦМС ќе спроведува два нови форуми во заедниците

По завршувањето на последниот повик за поддршка на општините преку програмата Форуми во заедниците, МЦМС ќе биде имплементирачка организација за општините за два нови форуми. Станува збор за општината Шуто Оризари која ќе спроведува проектен форум, и општините Делчево и Македонска Каменица каде ќе се спроведува меѓуопштински форум.

МЦМС веќе има обемно искуство во спроведување на форуми, па се очекува и во новите општини тие да се реализираат без проблеми според предвидената динамика.

Временскиот период на спроведување е декември 2012 – јуни 2014 година.

## Усвоен новиот среднорочен план и избран нов Совет на МЦМС

На седмата седница на Советот на МЦМС одржана на 1 декември 2012 година беше донесен новиот среднорочен Деловен план на МЦМС 2012-2016.

Нема измени во визијата и мисијата во новиот среднорочен план. Состојбата кон која тежнее организацијата се уште е мир, хармонија и просперитет на луѓето во Македонија, на Балканот и глобално. Што се однесува до мисијата, МЦМС и понатаму ќе ги поттикнува промените со нови алтернативни решенија за општествените проблеми.

Мисијата ќе се остварува преку долгорочните цели: социјална кохезија и намалување на сиромаштијата; одржлив локален и рурален развој; добро владеење и политики насочени од и кон луѓето; вкоренето и динамично граѓанско општество; прифатена културна разноличност, меѓузависност и дијалог; поддршка на евроинтеграцискиот процес и зајакната регионална соработка; МЦМС – независна организација со кредибилитет и МЦМС – атрактивна организација која учи, со локални корени и глобален поглед.

На донесувањето на Деловниот план му претходеше процес на консултации со целните групи, со членовите на органите и со вработените на МЦМС.

На истата седница избран е новиот состав на Советот на МЦМС. Мандатот на Советот е 2012-2016 година. Новиот состав на Советот го сочинуваат: Лилјана Алчева (Хабитат), Габриела Мицевска (ЦЕПроСард),



*7-ма седница на Советот на МЦМС*

Самет Скендери (ИнСок), Звонко Шаврески (Полио плус), Бехиџудин Шехапи (Ел хилал), Бобан Мицевски (Македонска православна црква), Јагуп Селимоски (Исламска верска заедница), Бјанка Суботиќ (Еврејска заедница), Владимир Мисев (Институт за демократија), Ризван Сулејмани (Институт за политички и интекултурни студии), Ганка Цветанова (Охрид – Институт за економски стратегии и меѓународни односи), Сашо Клековски, Горан Михајловски (Вест), Ратко Лазаревски (Нова Македонија), Славко Велевски (општина Могила), Душица Перишиќ (ЗЕЛС) и Беким Имери (Светска банка).

МЦМС им се заблагодари на досегашните членови на Советот за нивниот придонес во развојот на организацијата во претходните години. На новите членови им посака успешна работа.

## Преку подобра соработка до подобри закони

Во текот на декември 2012 г. се одржаа работилници на три работни групи составени од претставници од граѓански организации на кои се разговараше за неколку теми.

На работилницата за анти-дискриминација беше разгледана постоечката законска рамка за спречување и заштита од дискриминација. Како позитивно беше истакнато донесувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација, а како не доволно добри и непрецизни се истакнаа: недореченост на законот за облиците на дискриминација, недореченост во основите за дискриминација, неусогласеност на останатите закони со овој закон, општи критериуми за избор на членови во Комисија за заштита од дискриминација и сл.

На работилницата за зголемување на учеството на ГО во подготовката на законите беа дефинирани проблемите со кои организациите се соочувале кога биле вклучени во подготовка на одредени предлог -закони. Некои од проблемите кои беа истакнати се: кратки рокови за консултации и непочитување на законски одредениот минимум, нередовни, несистематски и нетранспарентни комуникациски канали, формално вклучување со значителни разлики од



*Работни групи за подобра соработка за законите*

предлозите во консултациите до конечните текстови на актите. Потоа, во дискусијата, учесниците предложија решенија за надминување на овие проблеми.

Работната група која расправаше за унапредување на одредбите од даночните закони кои се однесуваат на граѓанските организации ги согледа недостатоците и предлог измените во Законот за данок на додадена вредност, Законот за данок на добивка и Законот за персонален данок на доход. Како резултат на работилниците ќе произлезат Стратешки насоки со дефинирани проблеми и можните активности неопходни да се преземат за нивно решавање.

## Форумот ги потврди сите пет предлог проекти



Четвртата форумска сесија од меѓуопштинскиот форум на општините Василево и Босилово се одржа на 20 декември и 2012 година во Босилово пред 92 граѓани и гости.

Граѓаните разгледаа пет предлог-проекти на темата „Водоснабдување и отпадни води" и тоа: Механизација за комунални претпријатија; Проектна документација за фекална канализација; Јакнење на свеста на граѓаните за рационално користење на водата; Реконструкција на канали за одвод на атмосферските води и Подобрување на снабдувањето со техничка вода. По дискусиите граѓаните ги потврдија проектите и ги упатија на разгледување кај Програмскиот одбор.

„Задоволна сум од текот на четвртата форумска сесија", рече Ивана Трајковска од Василево. „Сметам дека сите пет предлог-проекти заслужуваат внимание и се во интерес на двете општини за надминување на проблемите со поплавите но, и со водоснабдувањето". И за Ѓорѓи Трајков од с. Иловица форумите се добар начин на решавање на проблемите бидејќи „ние како граѓани одлучуваме што е приоритет за овие две локални самоуправи во делот на третирањето отпадни води и во водоснабдувањето", смета Трајков.

Граѓаните дополнително ќе бидат информирани за времето на одржувањето на петата, гласачка форумска сесија заради очекувањето на состанокот на Програмскиот одбор.



# Градот доби нов лик со спроведениот проект од Форумите

На 12 декември 2012 година, во општина Македонски Брод, се одржа шестата форумска сесија од програмата „Форуми во заедницата". Пред граѓаните беа презентирани резултатите од реализираниот проект: "Уредување на кејот и изградба на патека за пешачење, трчање и други спортски активности покрај речното корито во централното градско подрачје".

Со изградбата на кејот покрај речното корито, централното градско подрачје доби сосема нов изглед кој ја поврзува традицијата со современиот дух. Се воспостави континуитет со претходно изведената фаза - градскиот плоштад и на тој начин централниот дел на градот доби нов урбан лик со можност за прошетки и рекреација. Во проектот беа вложени вкупно 6.786.122 денари од кои 2.400.000 се обезбедени од Швајцарската агенција за развој и соработка, а 4.386.122 се општински средства.

„Спроведениот проект е од голема важност за нас граѓаните", рече Звонко Блажески. „На форумските сесии имаше и многу други интересни предлози, но сепак мислам дека не згрешивме што се одлучивме баш за овој проект. Со реализирањето на проектот се разубави централното градско подрачје и нашиот град доби еден нов лик. Преку форумот имавме можност да го следиме целиот процес од иницијатива до реализација. Оваа година проследивме уште еден форумски процес и верувам дека форумот се одомаќини кај нас, а ние граѓаните веќе ја сфативме неговата важност".



*Презентирани резултатите од форумот во Македонски Брод*

На сесијата беше презентирана Информација за преземените активности и состојбата на предлозите произлезени од граѓаните на форумскиот процес. „Програмата Форуми во заедницата е најдемократскиот и најтранспарентниот начин за активно учество во донесувањето на одлуките и решавањето на проблемите во нашата заедница. Единствено за време на форумите, стотина граѓани седат заедно во една просторија и заеднички дискутираат за проблемите во својата општина", вели Весна Маркоска.

Шестата (последователна) форумска сесија беше завршена со обраќање на градоначалникот Милосим Војнески, кој ги поздрави присутните и им посака и во иднина да заеднички да остваруваат уште многу вакви проекти, избрани од граѓаните.

# Безбедноста на учениците е цел на избраниот проект во Аеродром

Петтата, гласачка форумска сесија во општина Аеродром се одржа на 5 декември 2012 година, во спортската сала во ОУ „Љубен Лапе". На сесијата присуствуваа 130 граѓани на општина Аеродром и гости. На сесијата граѓаните на општина Аеродром одлучуваа за најприоритетниот проект кој ќе биде финансиран од проектниот фонд на програмата Форуми во заедницата. Од 24 проекти (во 5 програми) подобни за гласање, со вкупно 30 гласа, беше избран проектот „Реконструкција на оградите на објектите на ОУ и поставување надворешен видео-надзор, заради поголема безбедност на учениците и чување на објектот".

Борче Христов, раководител на одделението за буџетска координација, во име на Градоначалникот на општина Аеродром, на присутните граѓани срдечно им честиташе на направениот избор, притоа, уште еднаш истакнувајќи дека, тој заедно со општинската администрација ќе направи се што е во рамките на нивните можности, препораките кои не влегоа во програмите и буџетот на општина Аеродром да се реализираат во што е можно поголем број.

„Сакам да искажам задоволство од оваа и од претходните сесии. Научивме да работиме тимски, да ги оствариме целите кои се зацртани, и пред сè да работиме за подобрување на образовните програми во кои што се вклучени децата", рече на крајот од сесијата Биљана Николовска, учесничка на форумот.


*Научивме да работиме тимски, заклучија граѓаните од Аеродром*

Пред граѓаните беа презентирани и препораките, односно предлозите дадени од граѓаните, кои не беа вклучени во програмите на о. Аеродром за 2013 г. По презентацијата, еден од граѓаните му ги предаде препораките на Борче Христов.